# О Д Л У К А
# ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИДОТ НА ЕНЕРГЕНТИТЕ, ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД, КАКО И НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТКАТА НА АКЦИЗАТА

## Член 1

Со оваа одлука се определува видот на енергентите, временскиот период, како и начинот на пресметката на акцизата, согласно член 92 став (11) од Законот за акцизите (*).

## Член 2

Видовите на енергенти од член 1 од оваа одлука се:
- Моторен бензин од тарифните ознаки 2710 12 45 00, 2710 12 49 00;
- Гасно масло како погонско гориво од тарифните ознаки 2710 19 43 00, 2710 19 46 00, 2710 19 47 00, 2710 19 48 00, 2710 20 11 00 и 2710 20 19 00;
- Гасно масло како гориво за греење од тарифните ознаки 2710 19 43 00, 2710 19 46 00, 2710 19 47 00, 2710 19 48 00, 2710 20 11 00 и 2710 20 19 00.

## Член 3

Пресметаната акциза од член 92 став (11) од Законот за акцизите (*) за видовите на енергенти од член 2 од оваа одлука се применува од 1-ви или од 15-ти во месецот, а во случај кога 1-ви или 15-ти во месецот е неработен ден, за датум на пресметка и за известување се смета првиот нареден ден.

## Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува до 31 мај 2022 година.